**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203 – 273/5**
**Скопје, 09. 04. 2009 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГОСТИВАР**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Гостивар за 2007 година, кои се прикажани на страните од 11 до 13.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Гостивар за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Невзат Бејта, Градоначалник на Општина Гостивар во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 10 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 25.11. до 16.12.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на

финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 16.03.2009 година примени се забелешки по Предходен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на Општина Гостивар за средствата на сметката на Органот, под број 08-181/3 од 11.03.2009 година, од законскиот застапник – Градоначалникот на Општина Гостивар. Истите се разгледани при што е одлучено следното:

- забелешките кои се однесуваат на наодите од точките **10.6.1. точка б) не се прифаќаат,** и наодите остануваат во Конечниот извештај од причина што истите имаат карактер на известување за преземени мерки и активности по дадените препораки од ревизијата за отстранување на утврдените неправилности.
- забелешките на наодите од точките **10.4.4. и 10.6.1. точка а) алинеја 1, точка в) алинеја 1; точка д); точка ѓ) и точка е), не се прифаќаат,** и наодите остануваат во Конечниот извештај од причина што ревизијата не доби релевантни и достатни ревизорски докази, како основ за нивно прифаќање.

11**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 11.1. Систем на интерни контроли во процесите

#### 11.1.1. Процес на плаќање

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли неможат да обезбедат доволно ниво на сигурност и не можат да спречат ризик од плаќање по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица, што е спротивно на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Причините за овие ризици се следните:

- непостоење на пишани процедури за движење на документацијата со јасно дефинирани и разграничени надлежности и одговорности во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите;
- отсуство на контроли кои ќе осигураат дека важечките плаќања се точно прокнижени во главната книга;
- немање упатство за материјално финансиско работење;
- немање упатство за благајничко работење;
- не е назначено лице ликвидатор на документацијата, и
- не е назначен овластен сметководител.

Ова придонесува да се вршат плаќања по документација која не е уредно ликвидирана, комплетна и веродостојна и создава можност за ненаменско и незаконско трошење на средствата.
Во текот на 2008 година назначен е овластен сметководител.


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**Препорака:**
Градоначалникот на општина Гостивар:
- да донесе пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање;
- да назначи одговорно лице за уредно ликвидирање на документите пред нивно одобрување за плаќање.

**11.2. Неправилна примена на акти**

11.2.1. Во текот на 2007 година од сметката на Органот на Општина Гостивар исплатени се средства од позициите: Трансфери до невладини организации, Други тековни расходи и Разни трансфери во вкупен износ од 1.565 илјади денари и тоа за: здруженија на граѓани, фондации, спортски клубови, хуманитарни организации, културно уметнички друштва и спонзорства на млади спортисти.
Одобрувањето на овие средства се врши по поединечни барања, без претходно донесена Програма од страна на општината и распишан оглас за распределба на средствата со утврдени критериуми. Не се бара годишна програма на барателите, како и повратно известување за намената за која средствата се искористени.
Непостоењето на акт со утврдени критериуми за користење и доделување средства создава можност за субјективност во одлучувањето за доделување средства, фаворизирање на одредени корисници, нетранспарентност и ненаменско користење на средствата. Ваквото постапување е спротивно на Законот за здруженија на граѓани и фондации.

11.2.2. Во текот на 2007 година Општина Гостивар има исплатено средства од позицијата Социјални бенефиции износ од 343 илјади денари за помош на социјално загрозени граѓани како еднократна парична помош.
Општината нема Програма за активностите во областа на социјалната заштита во 2007 година, за доделување средства за помош со утврдени критериуми и постапки во однос на видот на помошта (намени за доделување средства и висината на доделената помош). Непостоењето акт со утврдени критериуми за користење и доделување средства за социјална заштита создава можност за субјективност во одлучувањето за доделување средства, нееднаков третман на барателите, нетранспарентност и ненаменско користење на средствата. Ваквото постапување е спротивно на Законот за локална самоуправа и Законот за социјална заштита.

**Препорака:**
Одделението за правни и нормативни работи да изготви, а Советот на општината да донесе развојни програми од областа на социјалната заштита, спортот, културата и општи акти во кој ќе се утврдат критериумите и постапката за доделување на средства со кои ќе се обезбеди наменско користење на средствата за парична помош на физички лица и финансирање на: спортски клубови, културно уметнички друштва, здруженија на граѓани, хуманитарни организации.

11.2.3. Ревизијата утврди дека Општина Гостивар врши плаќања кон јавните претпријатија врз основа на Одлуки од Советот и решенија од Градоначалникот. За работењето и услугите кои јавните претпријатија ги вршат за Општина Гостивар не се склучени договори, односно не се дефинирани заемните обврски, права и одговорности на Општина Гостивар и јавните претпријатија и тоа во делот на:
- висината на средствата со кои основачот ќе учествува во финансирањето на конкретни програми за деловната година;
- потребната документација која треба да ја достават јавните претпријатија што ќе обезбеди доволно поткрепувачки докази дека работата е извршена ;

- контрола и надзор на извршувањето на работите од стручни лица од општината кои ќе ја потврдат веродостојноста на доставените ситуации.

Од ставките Поправка и тековно одржување, Субвенции за јавни претпријатија и Други градежни објекти на јавните претпријатија им се исплатени неповратни средства во вкупен износ од 21.014 иљјади денари и тоа за:

- ЈПССО „Риниа„ во износ од 581 иљјада денари, врз основа на Одлука од Советот за доделување на финансиски средства и решение од градоначалникот за финансиска помош за тешката материјална положба;
- ЈП "Комуналец„ Гостивар во износ од 3.650 иљјада денари, врз основа на Одлука од Советот за доделување на финансиски средства од Буџетот на општината за 2007 година за недефинирани намени, и
- ЈП„ Гостивар" во износ од 16.783 иљјади денари, врз база на Одлука за распределба на средства од буџетот на општината за 2007 година (на износ од 23.186 иљјади денари) по усвоена Програма за 2007 година и Спогодба за пренос на наменски средства добиени од Фондот за магистрални и регионални патишта (износ 12.183 иљјади денари). Не постои усогласеност на Одлуката за распределба на сдредства од буџетот на општината со Програмата во делот на учеството на општината за финасирање на Програмата.

Овие исплати се спротивни на законската регулатива и придонесуваат за незаконско и ненаменско користење на средствата од буџетот на општината и имаат влијание на реалноста на направените трошоци и финансиските извештаи.

**Препорака:**

- надлежните служби на општината да склучат договори со јавните претпријатија заради дефинирање на заемните обврски, права и одговорности;
- да донесат пишани процедури за регулирање на односите со јавните претпријатија чиј основач е општината кои ќе се темелат на важечката законска регулатива и склучените договори, и
- градоначалникот и Советот да иницираат активности во правец на утврдување на причините за лошата материјално финансиска состојба на јавните претпријатија основани од општината, и со раководството на претпријатијата да преземат мерки за надминување на состојбите во рамките на законската регулатива.

### 11.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

11.3.1. Пописот на обврските спрема добавувачите со состојба на 31.12.2007 година содржи само спецификација на обврските, без да биде утврдена реалноста, застареноста на искажаните износи и причината за ненавремената исплата, што не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Не е извршено усогласување на фактичката состојба утврдена со физичкиот попис на материјалните средства со нивната вредност искажана во сметководството, а причина за оваа состојба е наследената пракса, непостоење на инвентарни броеви и неразграничена исправка на вредноста меѓу градежни објекти и опрема. Во извештајот на пописната комисија утврден е канцелариски инвентар и опрема за расход меѓутоа, нема донесено решенија за спроведување на предлогот на комисијата, поради неможност да се направи идентификација.

Ефект од тоа е искажување на состојбите во сметководствената евиденција и финансиските извештаи кои не се потврдени со попис.

**Препорака:**

- градоначалникот како одговорно лице да донесе интерен акт за извршување на пописот со кој согласно законската регулатива ќе бидат предвидени сите активности околу пописот, и


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;* *Овластен државен ревизор*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

- пописната комисија да врши попис на материјалните средства и обврските спрема добавувачите, согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**11.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

11.4.1. Спротивно на законската регулатива, во износ поголем од законски дозволениот се исплатени плати и надоместоци во вкупен износ од 818 илјади денари и тоа:
- на дел од вработените во општинската администрација исплатени им се награди по 20% во вкупен износ од 378 илјади денари. Општината нема утврдено критериуми за доделување на парични награди на вработените, што создава можност за субјективност при исплата на овие средства.
- на претседателот на Советот и на еден член од Советот на Општина Гостивар исплатен е надоместок за учество на седници во вкупен износ од 88 илјади денари повеќе од износот определен со закон;
- на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот исплатен е надомест во износ од 236 илјади денари;
- исплатен е надоместок на членовите на Комисијата за јавни набавки на општина Гостивар во вкупен износ од 73 илјади денари, и
- исплатен е поголем надоместок за смрт на родител во износ 43 илјади денари;

Ваквиот начин на исплати придонесува за незаконско и ненаменско користење на средствата на општината и до зголемени трошоци. Во месец октомври 2007 година донесена е Одлука за утврдување на надоместокот на членовите на советот на Општина Гостивар согласно законската регулатива, која се применува од месец ноември 2007 година со што неправилностите во делот на исплата на надоместоците на советниците и Претседателот на советот се надминати.

**Препорака:**
За незаконски исплатените парични средства надлежните служби во општина Гостивар да превземат мерки за враќање на истите.

11.4.2. Општина Гостивар во 2007 година има ангажирано лица по договор за дело за извршување на работи и работни задачи предвидени со Правилникот за ситематизација на работните места на општинската администрација, што е спротивно на Законот за работни односи. На овие лица во 2007 година е исплатен надоместок во износ од 2.001 илјада денари за кои е пресметан и платен персонален данок на доход. Надлежните во општината, почнувајќи од 23 април 2006 година биле должни ангажирањето на овие лица да го усогласат со одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во Билансот на приходи и расходи за 2007 година.
Во 2008 година истите лица се вработени на неопределено работно време.

11.4.3. Направени се трошоци за репрезентација во износ од 317 илјади денари, по основ на угостителски услуги. Од документацијата врз основа на која се извршени плаќања не е можно да се утврди за кого е услугата (гости од странство или домашни гости од други градови, институции), кој е корисник на услугата од Општината и кога истата е извршена. Општина Гостивар нема акт за регулирање на правото на користење на угостителски услуги во земјата и странство (протоколарни и официјални посети на домашни и странски гости, работни средби), што придонесува за зголемени расходи и незаконско трошење на средствата.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице да донесе интерен акт за користење на средства за репрезентација во кој јасно ќе биде утврдено во кои случаи и кој има право на репрезентација, висината на репрезентацијата и документацијата што треба да се приложи како поткрепа на направените трошоци.

11.4.4. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста за дел од расходите во вкупен износ од 12.220 илјади денари искажани на ставките:

а) Други оперативни расходи вкупен износ од 60 илјади денари, за изградба на оџак за ОУ Перпарими Чегране, и

б) Други градежни објекти вкупен износ од 12.160 илјади денари, поради извршени исплати за обврски од минати години за кои не постои комплетна документација потврдена од овластени лица (договори, ситуации, градежна книга, градежен дневник, извештај за извршена работа). (Прилог број 1 од Извештајот)

Евидентирањето на расходи за кои доставената документација е нецелосна и непотврдена од овластени лица е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, што создава можност за зголемени трошоци, погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Секторот за финансии и буџет и одговорниот сметководител плаќањата на обврските да го вршат на основа на комплетна и веродостојна документација потврдена од надлежни лица.

### 11.5. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

11.5.1. Општина Гостивар во својата евиденција го нема евидентирано дел од имотот добиен согласно Решението број 23-257/28 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Гостивар врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2007 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и изворите на истите.
За имотот со кој располага општината и е нејзина сопственост, не е покрената постапка за обезбедување имотни листи од Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија.

**Препорака:**
До обезбедување имотни листи за имотот добиен со решение од Влада на Република Македонија, да се изврши проценка на имотот согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот, а одделението за сметководство да изврши вонбилансно евидентирање на истиот.

11.5.2. Состојбата на позицијата Материјални средства во подготовка и Пасивни временски разграничувања се помалку искажани за износ од 25.097 илјади денари, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, поради не евидентирање на времени ситуации за:

- довршување на градежно занаетчиски работи во училишен објект во село Балиндол и изведување на градежно занаетчиски работи во спортска сала село Дебреше вкупен износ од 21.129 илјади денари, и
- изградба на доводна вода во село Беловиште и изградба на фекална канализација во село Равен за вкупен износ од 3.968 илјади денари.

Ефектот од претходно наведеното е нереално искажани состојби во сметководството и Билансот на состојба за 2007 година.

**Препорака:**
За вложувањата во капитални објекти односно за инвестициите во тек одделението за сметководство да изврши евидентирање на истите во сметководствената евиденција на Билансот на состојба.

11.5.3. Од страна на општината извршени се набавки на врати и наткасни елементи во вкупен износ од 198 илјади денари за кој износ не е зголемена состојбата на ставката Градежни работи за износ 179 илјади денари, Опрема за износ 19 илјади денари и Извори на средства спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
Ефектот од претходно наведеното е нереално искажани состојби на билансните позиции во сметководството и Билансот на состојба за 2007 година.

**Препорака**:
Одделението за финансии и буџет во Општина Гостивар да изврши соодветно евидентирање на набавената материјални средства.

11.5.4. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 - Ревизорски докази и 505 - Екстерни конфирмации, од страна на ревизијата беа испратени конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските. За неизмирени обврски во вкупен износ од 150.666 илјади денари беа испратени 18 конфирмации кон добавувачите во вкупен износ од 149.161 илјади денари, кои опфаќаат 99% од вкупните обврски на Општина Гостивар.
Од испратените конфирмации, до денот на завршување на ревизијата добиени се одговори од 10 комитенти што опфаќа 78.301 илјади денари, што е 52.49% во однос на испратените конфирмации, кои ја потврдуваат состојбата искажана во евиденцијата на Општина Гостивар и за 8 конфирмации во вкупен износ од 70.860 илјади денари не се добиени одговори, што е 47,51% во однос на испратените конфирмации. Од извршените анализи на салдата ревизијата се увери дека обврските кон добавувачите во Билансот на состојбата не се реално и објективно искажани.
**Препорака**:
Одделението за финансии и буџет во Општина Гостивар редовно да врши усогласување на обврските со комитентите.

11.5.5. Позициите Активни временски разграничувања во Билансот на состојба на 31.12.2007 година и позицијата Краткорочни обврски спрема добавувачите се нереално и необјективно проценети, во поголем износ за 1.764 илјади денари за следното:

- неевидентирани обврски за 2007 година, во вкупен износ од 482 илјади денари, по фактури и ситуации кои се примени во месец јануари 2008 година, а се од 10,11 и 12 месец 2007 година, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Во општината постои пракса сметководствено да се евидентираат фактури и ситуации кои се примени до завршување на пописот за 2007 година;
- евидентирана обврска према добавувач во износ од 2.186 илјади денари по ИОС од 2005 година како почетна состојба за 2007 година. Со увид во документацијата ревизијата утврди дека овој износ е исплатен од Фондот за магистрални и регионални патишта на ден 24.12.2004 година;
- евидентирана поголема обврска спрема вработен износ од 60 илјади денари, и

### 11.6. Неправилна примена на Законот за јавни набавки

11.6.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки за 2007 година ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:

а) во делот „Јавна набавка„:

- спротивно на член 11 со постапка за отворен повик и постапка за преговарање спроведени се постапки и склучени договори за работи во вкупен износ од 39.846 илјади денари кои не се предвидени со Планот за јавни набавки за 2007 година (Прилог број 2 од Извештајот);
- согласно член 12 во Одлуката за потребата на одделната набавка не е утврден износот и изворот на средствата потребни за реализација на набавката;
- спротивно на член 20 претседателот на Комисијата за јавни набавки не е вработено лице во општината.

б) во делот „Начини на спроведување на постапките за јавни набавки„ (општи одредби) спротивно на член 36 тендерската документација за ограничен и отворен повик не ги содржи задолжителните елементи кои во зависност од предметот на набавката се неопходни за изготвување на понудата како: модел на договор, образец за начинот на пополнување на фактурата што е спротивно на член 3 и член 6 од Правилникот за задолжителни елементи на тендерската документација.

в) во делот „Начини на спроведување на постапките за јавни набавки„ (општи одредби) кај ограничен повик втора фаза е постапено спротивно на член 47, 48 и 53 од Законот за јавни набавки и тоа:

- во точка б) Изведување на градежно занаетчиски работи во спортска сала во село Дебреше, предмер пресметката на еден од понудувачите не е комплетна, нема цена за позиција подополагачки работи. За евалуација Комисијата за јавни набавки ја земала цената од другиот понудувач, склучен е договор на износ од 34.014 илјади денари;
- точка ѓ) Изработка и монтажа на метални столбови и метални огради, нема извештај за разгледување, оценување и споредување на понудите, и
- точка ј) Набавка на превоз на ученици од основните училишта на територијата на општина Гостивар за учебна 2007/2008 година, (во дел од прифатените понуди нема услови за плаќање и референтна листа), нема извештај за разгледување, оценување и споредување на понудите.

г) набавки за кои не е спроведена постапка за јавна набавка:

- спротивно на член 29 од Законот извршени се набавки и склучени се договори за вршење на стручен надзор на изградба на објекти и извршена е набавка на: канцелариска опрема (мебел, комјутерска опрема, клима уреди, камери, фотоапарти и одржување на истите), во вкупен износ од 2.855 илјади денари (Прилог број 3 од Извештајот).

д) во делот на Склучување на договор и Правна заштита во постапките за јавни набавки кај ограничен повик 02/07 втора фаза постапено е спротивно на член 85, член 92 и член 96, по Отворен повик број 1/2007 за Изградба на фекална канализација во населба Питарница, со најповолниот понудувач склучен е договор на износ поголем за 218 илјади денари од прифатената понуда.

ѓ) Во постапката отворен повик 03/2007 за Набавка на нафта и дрва за основните и средните училишта, детските градинки и за објектот на Општина Гостивар е постапено спротивно на член 12, 47 и 85 од Законот, поради следното:

- со одлуката за спроведување на јавна набавка не е утврдена количината на набавката и износот на средствата потребни за реализација на набавката, вклучувајќи ги и трошоците за даноци;
- комисијата извршила оценување и изготвила предлог за избор на најповолен понудувач за дрва, иако немало друга прифатлива понуда за дрва, а градоначалникот склучил договор за снабдување со дрва на износ од 1.446 илјади денари, и
- извештајот за евалуација не е потпишан од претседателот на Комисијата за јавни набавки.

е) Во постапката отворен повик забрзана постапка 05/2007 за Набавка на пропагандни материјали и контејнери, постапено е спротивно на член 45 од законот, бидејќи

комисијата пристапила кон разгледување, оценување и споредување на понудите (евалуација), иако само два понудувачи доставиле понуда а документите за финансиска и економска способност се некомплетни и невалидни, избран е најповолен понудувач и склучен договор на износ 245 илјади денари.

ж) во делот на набавки од мала вредност

- нема план за набавки од мала вредност;
- членовите на Комисијата за јавни набавки немаат поднесено изјави во писмена форма за постоењето или непостоењето на конфликт на интереси;
- во одлуката за спроведување на набавка не е наведен износот на средства кои се обезбедени со Буџетот за спроведување на набавката, и
- нема постапка за набавки од мала вредност за: набавка на авио карти, одржување на возила, набавка на гуми и вулканизерски услуги, озвучување, набавка на новогодишни пакетчиња, набавка на ситен инвентар, одржување на згради во вкупен износ од 791 илјади денари (Прилог број 4 од Извештајот).

Спроведувањето на постапки за јавни набавки, спротивно на Законот за јавни набавки, создава можност за фаворизирање на одредени фирми и ја спречува конкуренцијата.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината и Комисијата за јавни набавки да воспостават процедури и постапки кои ќе обезбедат соодветна примена на одредбите од Законот за јавни набавки, почнувајќи од планирање, евалуација, избор на најповолен понудувач, до спроведување на договорите склучени со најповолните добавувачи.

## 12. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Органот на Општина Гостивар во текот на ревизијата, а се однесуваат на:

### 12.1. Корекции кај Билансот на состојба

12.1.1. Вкупните ефекти од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата во Билансот на состојбата, кои се инкорпорирани во рекласифицираните финансиски извештаи на страна 12 од овој извештај, се однесуваат на следните позиции и тоа:

- евидентирано намалување на ставката Опрема и Исправка на вредноста за износ од 176 илјади денари за продадено возило;
- евидентирање зголемување на ставката Опрема и Изворите на средствата износ од 45 илјади денари;
- позициите Залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар, на ставката ситен инвентар во употреба и Извори на средства се зголемени за износ од 63 илјади денари;
- ставаката Активни временски разграничувања и Краткорочни обврски спрема добавувачите е намалена за износ од 59.555 илјади денари за книжени обврски по договори, а не по сметководствени документи ( фактури, времени ситуации )

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.3 и 11.5, финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Гостивар под 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.4. и 11.6. , кај Органот на Општина Гостивар за 2007 година, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

15**.** Обрнуваме внимание во овој извештај, дека општина Гостивар е тужена страна во судски спорови со 127 (стодваесетиседум) субјекти за вкупен износ од 85.695 илјади денари и тоа:

- за 42 (четерисетидва) предмети од: правни субјекти, јавни претпријатија и РМ основ на исплата на долг, надомест на штета, парично побарување, поништување на договор и враќање на поранешна сопственост за износ од 49.342 илјади денари и за 19 (деветнаесет) предмети од: правни субјекти, јавно претпријатие, РМ и политички партии за надомест на штета, вонсудско поравнување, парично побарување, смеќавање на владение, определување на привремена мерка, за обезбедување на докази и нарушено владение, на неопределен износ, и
- од 11(единаесет) физички лица за: надомест на штета, надомест за експроприран имот, исплата на долг, враќање на владение и работни спорови вкупен износ од 36.352 илјади денари и од 53 (пеесетитри) предмети на неопределена вредност.

Општина Гостивар се јавува како тужител во 1 (една) постапка со едно правно лице за надомест на штета за 4.818 илјади евра и за 2 (два) предмета против пресуда на Основен суд Гостивар и за утврдување на сопственост на неопределена вредност.

16. Во однос на препораките дадени во Конечен извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Гостивар за 2004 година, ревизијата утврди дека препораките се спроведени освен препораките:

- не се почитуваат одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
- не е усогласена состојбата на средствата и нивните извори, добавувачите;
- не се почитува член 100 од Законот за локална самоуправа;
- не е усогласена состојбата на почетните состојби на ставката АВР со заклучните состојби на крајот на претходната фискална година;
- не е извршена проценка на имотот со кој располага општината;
- не е извршено обележување на основните средства;
- не се обезбедени имотни листи, и
- акумулираната амортизација не е разграничена.

Скопје, 03.04.2009 Овластен државен ревизор

**ОРГАН НА ОПШТИНА ГОСТИВАР**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 123,766 | 98,120 |
| **Вкупно приходи** | | **123,766** | **98,120** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 26,036 | 19,241 |
| Резерви и недефинирани расходи | | 0 | 1,857 |
| **Стоки и услуги** | 3.2.2. | 37,986 | 25,927 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | | 0 | 19 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 8,212 | 3,146 |
| Социјални бенефиции | 3.2.4. | 343 | 355 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **72,577** | **50,545** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 51,189 | 47,566 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **51,189** | **47,566** |
| **Вкупно расходи** | | **123,766** | **98,111** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **0** | **9** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА ГОСТИВАР**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 9 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 93,020 | 56,951 |
| Залихи | 4.1.2. | 782 | 729 |
| **Вкупно тековни средства** | | **93,802** | **57,689** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 13,219 | 16,104 |
| **Вкупно постојани средства** | | **13,219** | **16,104** |
| **Вкупна актива** | | **107,021** | **73,793** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 91,111 | 55,330 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 259 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 29 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 1,621 | 1,621 |
| Пасивни временски разграничувања | | 0 | 9 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **93,020** | **56,960** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 14,001 | 16,833 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **14,001** | **16,833** |
| **Вкупна пасива** | | **107,021** | **73,793** |


***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

***Овластен државен ревизор***

**ОРГАН НА ОПШТИНА ГОСТИВАР**

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА**
**ЗА 2007 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **16,104** | **729** | **16,833** |
| **Зголемување по основ на:** | **6,465** | **53** | **6,518** |
| | | | **-** |
| Набавки | 6,420 | (10) | **6,410** |
| Исправки по ревизија | 45 | 63 | 108 |
| **Намалување по основ на:** | **9,350** | **-** | **9,350** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Амортизација | 9,350 | - | 9,350 |
| Исправки по ревизија | | | - |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **13,219** | **782** | **14,001** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

______________________